Grant Thornton

# Извештај на независниот ревизор

Grant Thornton DOO
Sv. Kiril i Metodij 52 b-1/20
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (2) 3214 700
F +389 (2) 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

До Раководството и Основачите на

Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје (во понатамошниот текст „Здружението" или „Центар за граѓански комуникации") составени од Биланс на состојба на ден 31 декември 2017 година, како и Биланс на приходи и расходи и Извештај за промените на фондот за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации, вклучени на страните 3 до 12.

*Одговорност на Раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија за непрофитни организации, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да дадеме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

---

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, било поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Здружението со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Здружението. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје на ден 31 декември 2017 година, како и резултатите од работењето за годината што тогаш заврши во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија за непрофитни организации.

Скопје,

12 април 2018 година

Грант Торнтон ДОО, Скопје

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Директор
Сузана Ставриќ

Овластен ревизор
Сузана Ставриќ